Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-264/2
25.07.2024 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 34-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 05.06.2024 година, со почеток во 15.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 33-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Измени и дополнувања на Буџетот на општина Градско за 2024 година- прв ребаланс.
3. Предлог- Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2024 година.
4. Предлог- Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Изменување и дополнување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г2.3- индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси- фабрички комплекси на дел од КП 760/2 КО Градско,Општина Градско.
5. Предлог- Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е 1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија: 10(20) kV кабелски вод поставен на дел од КП бр.290, дел од КП бр. 38/1, дел од КП 653, дел од КП 907/3, дел од КП 657/1, дел од КП 657/2, дел од КП 890/2, дел од КП 669, дел од КП 906/3, дел од КП 670, дел од КП 679, дел од КП 675, дел од КП 907/1, дел од КП 906/2 и дел од КП 760/2, КО Градско, Општина Градско.
6. Предлог- Одлука за усвојување на Стратегија за локален економски развој на општина Градско 2024-2027 година.
7. Предлог- Одлука за приоритетен проект и поддршка на проектна апликација (Изолација на објекти со современи фасадни системи и реконструкција и изолација на покриви на училишни објекти во Водоврати и Градско).
8. Предлог- Одлука за сопствено учество.
9. Предлог- Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Градско.
10. Разгледувања на барања и поднесоци
11. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

На седницата присуствуваше и градоначалникот на општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред и предложи истиот да се дополни со 1(една) точка и тоа:

1.Предлог- Квартален финансиски извештај за период од 01.01.2024 -31.03.2024 година на ЈКП „Клепа“ Градско - прв квартал.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 34-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 33-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 33-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 33-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 32-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Измени и дополнувања на Буџетот на општина Градско за 2024 година- прв ребаланс.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Со допис од страна на министерството за финансии доставено е дополнување на насоките за подготовка на буџетот со кој се зголемува износот на ДДВ дотацијата за 8.759.937,00 денари. Приходите на основниот буџет се зголемуваат за 946.704,00 денари кои се пренесен вишок на приходи од предходната година и приходите на наменската дотација се зголемуваат за 723.877,00 денари кои се акумулиран пренесен вишок на приходи од предходни години. Во однос на расходите намалување има кај програмата ЛА- за спорт, паркот во Стопанството и паркот кај фудбалското игралиштето, оди преку Вардарски плански регион и ние ќе треба да им префрлиме нив средства како трансфери а не како капитални средства. Други поголеми зголемувања има за регрес за годишен одмор, за договорни услуги, за трансфери за неколку проекти- ОКР, ВПР за менаџирање на проект, за изградба на улици, предвидено е во н.Стопанство врз основа на потпишан меморандум со Ромалитико, за набавка на скип, за набавка на храна за децата до 5 одделение, за програмата за култура во врска со Павловден. Во образложеието прикажани Ви се сите ставки.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ги стави на усвојување Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Градско за 2024 година- прв ребаланс.

Од присутните 9 советници, со 6 гласа ЗА и 3 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ги усвои Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Градско за 2024 година- прв ребаланс.

*3.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Измените се прават врз основа на допис од страна на министерството за финансии.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2024 година.

*4.Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Изменување и дополнување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г2.3- индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси- фабрички комплекси на дел од КП 760/2 КО Градско,Општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Лилјана Ивановска планер на фирмата АБЦ Стил М. Проектниот опфат се проширува за уште една катастарска парцела, опфатот на проектот ќе биде 12ха. Го имате графичкиот прилог. Основната намена е Г2 лесна незагадувачка индустрија. После ова се доставува до сите релевантни институции, па следи анкета и јавно мислење.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за отпочнување на постапка за изработка на Изменување и дополнување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г2.3- индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси- фабрички комплекси на дел од КП 760/2 КО Градско,Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за отпочнување на постапка за изработка на Изменување и дополнување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г2.3- индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси- фабрички комплекси на дел од КП 760/2 КО Градско,Општина Градско.

*5.Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е 1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија: 10(20) kV кабелски вод поставен на дел од КП бр.290, дел од КП бр. 38/1, дел од КП 653, дел од КП 907/3, дел од КП 657/1, дел од КП 657/2, дел од КП 890/2, дел од КП 669, дел од КП 906/3, дел од КП 670, дел од КП 679, дел од КП 675, дел од КП 907/1, дел од КП 906/2 и дел од КП 760/2, КО Градско, Општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Христо Трајковски, се работи за изградба на 20kv кабелски вод од трафостаницата до фабриката. Со самото поставување на кабелскиот вод ќе се отстрани воздушниот кабел. Ќе има голем капацитет за развој на индустријата.

Јованче Стојанов- се знае ли трасата каде ќе поминува.

Христо Трајковски- да се знае, скоро по истата траса каде што поминува воздушниот вод.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е 1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија: 10(20) kV кабелски вод поставен на дел од КП бр.290, дел од КП бр. 38/1, дел од КП 653, дел од КП 907/3, дел од КП 657/1, дел од КП 657/2, дел од КП 890/2, дел од КП 669, дел од КП 906/3, дел од КП 670, дел од КП 679, дел од КП 675, дел од КП 907/1, дел од КП 906/2 и дел од КП 760/2, КО Градско, Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е 1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија: 10(20) kV кабелски вод поставен на дел од КП бр.290, дел од КП бр. 38/1, дел од КП 653, дел од КП 907/3, дел од КП 657/1, дел од КП 657/2, дел од КП 890/2, дел од КП 669, дел од КП 906/3, дел од КП 670, дел од КП 679, дел од КП 675, дел од КП 907/1, дел од КП 906/2 и дел од КП 760/2, КО Градско, Општина Градско.

*6.Одлука за усвојување на Стратегија за локален економски развој на општина Градско 2024-2027 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Стратегија за локален економски развој на општина Градско 2024-2027 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Стратегија за локален економски развој на општина Градско 2024-2027 година.

*7.Одлука за приоритетен проект и поддршка на проектна апликација (Изолација на објекти со современи фасадни системи и реконструкција и изолација на покриви на училишни објекти во Водоврати и Градско).*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Киро Нацков- имаше повик, ќе аплицираме за образование немаше други опции, најлоша е ситуацијата во Водоврати и Градско каде што учат првачињата. И објектот на градинката нема изолација, и тој е објект на училиштето. Пред да аплицираме треба да биде одобрено од совет.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за приоритетен проект и поддршка на проектна апликација (Изолација на објекти со современи фасадни системи и реконструкција и изолација на покриви на училишни објекти во Водоврати и Градско).

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за приоритетен проект и поддршка на проектна апликација (Изолација на објекти со современи фасадни системи и реконструкција и изолација на покриви на училишни објекти во Водоврати и Градско).

*8.Одлука за сопствено учество.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за сопствено учество.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за сопствено учество.

*9.Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Киро Нацков- се однесува на манифестацијата по повод Павловден 12 спрема 13 јули. Како совет имате право за продолжување на работното време за 2 часа. На 12 ќе биде забавниот дел, а на 13 религиозниот дел.

Слободан Бошков- добро кажавте зошто 12 спрема 13, да бидат разграничени.

Киро Нацков- сметавме дека е добро да се разграничени.

Слободан Бошков- останува ли истата локација.

Киро Нацков- да, се обративме до МВР да се затвори патот, но нема да може поради тоа што е регионален пат.

Слободан Бошков- во иднина да се размислува за друга локација.

Киро Нацков- може да се размислува за друга локација, но каде.

Слободан Бошков- игралиштето, сметам дека е најбезбедно.

Јованче Стојанв- да се размислува и за сума која ќе ја плаќаат за штандовите.

Киро Нацков- лани беше прв пат и оставивме да биде без надоместок, незнаевме колку луѓе ќе има, каква ќе биде посетеноста, но секој гледа од комерцијален аспект.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Градско.

10.*Квартален финансиски извештај за период од 01.01.2024 -31.03.2024 година на ЈКП „Клепа" Градско - прв квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Ванчо Цветков, директор на ЈКП Клепа Градско- подобро е од сметководство да објаснат но во моментов не се тука, нема некоја разлика од предходниот извештај, но доколку нешто Ве интересира повелете ќе Ви одговорам.

Слободан Бошков- се најде ли начин за тие што неплаќаат со години како да им се наплати.

Ванчо Цветков- одиме со извршител, имаме тужено доста луѓе, сите што имаат поголеми суми одиме со преговори, дел прифаќаат дел не прифаќаат. Досега имаме оптужено три групи околу 30 луѓе. Најмногу должни има од Стопанството кои се социјални случаи и нема на кој основ да ги тужиме, а упорно трошат многу вода си полнат базени.

Слободан Бошков- нека се најде начин за таквите лица кои се социјални случаи а упорно трошат огромни количини на вода, нека работат нешто во ЈКП да си го исплатат долгот.

Јованче Стојанов- нема основ, како ќе го натерш да работи.

Ванчо Цветков- да видиме правно со одлука на совет, има измени во законот во најава со што ќе може да се исклучуваатод водоводната мрежа, сега може да се исклучат само правните лица. Има луѓе разумно што ја трошат водата колку што е потребно, но има и такви што трошат многу вода. Да видиме правно барем да си ги изработат парите.

Мирјана Ѓорѓиева- или со одлука на совет или со одлука од Управен одбор.

Слободан Бошков- мора да се најде начин.

Ванчо Цветков- и за ѓубрето имаше проблем, нема да им го собериш па го фрлаат каде ќе им текне и прават диви депонии и повторно ние го чистиме.

Слободан Бошков- тракторот на колку време мине.

Ванчо Цветков- по потреба и кога ќе се јави некој за поголема количина и тоа им се наплаќа, го имаме и во ценовникот.

Боне Спасовски- надвор од темата, во Горно Чичево Даниел Смилков повлекол вода по пророден пат, базентот на комуналното е на 10м значи има можност да се заштеди струја.

Ванчо Цветков- има со Даниел веќе е разговарано периодот кога нема да ја користи да ја користиме ние.

Боне Спасовски- без разлика, ако изворот има доволно вода со Ф 400 ќе се повлече водата и ќе оди по природен пат ако не е жива вода.

Ванчо Цветков- да се стави црево, да дојде хидро инженер не е само висинската разлика, треба да има доволно сила да се повлече водата. Стручно лице треба да ја направи таа пресметка.

Боне Спасовски- да се најде експерт и да каже што треба да се направи, да се бара природна вода.

Ванчо Цветков- таа жива вода нема да ги задоволува потребите, повторно треба да се користат пумпи, но сепак е помош во месеците кога не се троше многу вода.

Сеат Сулковиќ- луѓе реагираат за оревот кај Драги-Виша и дрвата кај Мето сметат на патот, човекот не прави проблем за сечење, дава согласност да се исечат ако треба и јас ќе помогнам со виљушкарот да се исечат високите гранки.

Ванчо Цветков- тие со во приватен двор, треба со комисија и да се направи одлука точно каде треба да се сечат дрва со список.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2024 -31.03.2024 година на ЈКП „Клепа“ Градско - прв квартал.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско го усвои Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2024 -31.03.2024 година на ЈКП „Клепа“ Градско - прв квартал.

*11.Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од Блажо Минов да дојде на седница на совет да образложи и да даде предлог како да се подобри водостабдувањето.

Советниците едногласно одлучија да биде поканет на некоја од нередните седници.

Боне Спасовски- нека дојде, но седницата да почнува порано од 12.00, а не од 15.00 часот.

*12.Разно*

Јованче Стојанов- во врска со бетонските столбови кои се поставени кај надвозникот кон Долно Градско, се знае дали се во негов имот или не.

Киро Нацков- не е во негов имот, узурпирано е, викнат е на разговор, треба да се повлече.

Боне Спасовски- терминот за седница да се помести да биде порано.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 34-та седница во 16:30 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева